28 09 2018 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 110, став 1, точка 13 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ“ бр. 82/2018), Наставно-научниот совет на седницата одржана на 28.09.2018 година, ја донесе следнава

# ОДЛУКА
## за спроведување дополнителна /октомвриска/ испитна сесија во учебната 2018/19 година за студенти на прв циклус на студии

I. По барања на студентите на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје заведени под бр. 09-9/739 од 10.09.2018 година, бр. 09-9/750 од 12.09.2018 година и бр. 09-9/795 од 21.09.2018 година, се одобрува дополнителна /октомвриска/ испитна сесија во учебната 2018/19 година за студенти кои студираат на прв циклус на студии, со административен надомест од 1.000,00 по испит.

II. Положениот влезен колоквиум за студентите кои полагале завршен испит во септемвриската испитна сесија, ќе важи за оваа дополнителна /октомвриска/ испитна сесија. Во тој случај студентите ќе полагаат само завршен испит.

III. Студентите имаат обврска да презапишат конкретна/и предметна/и програма/и пред да пријават полагање на конкретен/ни испит/и во дополнителната /октомвриска/ испитна сесија во учебната 2018/19 година, а кој/и го/и полагале во три последователни испитни сесии и не го/и положиле.

IV. Право на полагање имаат сите студенти кои имаат запишано III и V семестар во учебната 2018/19 година и евидентирано (Е-2) семестар за учебната 2018/19 година.

V. Дополнителната /октомвриска/ испитна сесија ќе се спроведе во период од 1 до 12 октомври 2018 година, согласно распоредот за полагање објавен од страна на Одделението за студентски прашања, правни и општи работи и од страна на предметните наставници.

VI. Студентите кои ќе полагаат испит/и во дополнителната /октомвриска/ испитна сесија се должни да достават пријава/и за испит/и во Службата за студентски прашања на Факултетот најдоцна еден работен ден пред објавениот термин за полагање на конкретниот/те испит/и.

VII. По еден примерок од одлуката да се достави до продеканот за настава, секретарот, раководителот на Одделението за студентски прашања, правни и општи работи, огласна табла, веб страната на Факултетот и архивата на Факултетот.

VIII. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

ДЕКАН

Проф.д-р Горан Коевски